# Винарска Визба Тиквеш

*Врвно од Македонија*

TIKVEŠ
SINCE 1885

Винарската визба Тиквеш е предводник на винската индустрија во регионот и е препознатлив бренд во светот, бренд со кој се гордееме сите. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, развој и унапредување на човечките ресурси. Како дел од нашиот внимателно дефиниран план за раст и развој на организацијата, во потрага сме по успешни, енергични и посветени кандидати кои би ни се придружиле.
ДОКОЛКУ СТЕ ИНСПИРИРАНИ ОД ПРИКАЗНАТА ЗА ВИНО, ВЕРУВАТЕ ДЕКА ЈА ПОСЕДУВАТЕ ПОТРЕБНАТА АМБИЦИЈА, ЖЕЛБА ЗА УСПЕХ И СТРАСТ ДА СЕ ПРИКЛУЧИТЕ КОН НАШИОТ ПОБЕДНИЧКИ ТИМ И СТЕ СПРЕМНИ ДА ГИ ИСКОРИСТИТЕ ИЗВОНРЕДНИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ КОИ НИЕ ГИ НУДИМЕ, ВЕ МОЛИМЕ АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО:

## УНАПРЕДУВАЧ НА ПАЗАР
## -за реон СКОПЈЕ -

**Профил на кандидатот:**

- Образование – најмалку ССС (ВСС ќе се смета за предност);
- Возачка дозвола Б категорија;
- Напредно познавање на Microsoft Office;
- Одлични комуникациски вештини;
- Прецизност, аналитичност и ориентираност кон резултати;
- Висок личен интегритет и деловна култура.

**Клучни одговорности:**

- Унапредување на продажбата и пазарот на вино;
- Дневна посета на купувачи и правење нарачки;
- Поставување и изложување на производите на компанијата согласно утврдените стандарди;
- Градење, одржување и унапредување на односите со купувачите;
- Промовирање на производите на компанијата;
- Подигнување на винската култура преку едукација на купувачите и крајните потрошувачи;
- Изготвување на извештаи околу продажбата и состојбата на пазарот.

**Винарска визба Тиквеш нуди одлични услови за работа, атрактивен пакет за наградување и можности за обуки и кариерен развој. Изборот ќе се направи со јасни критериуми по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.**

**Ако сте заинтересирани и ги исполнувате горенаведените услови, Ве молиме испратете го вашето резиме (CV) на следната емаил адреса: kariera@tikves.com.mk најдоцна до 10.11.2021 година.**

